ДО СОВЕТОТ НА ОПШТИНА
БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 16. 07. 2025 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 132 | | |

3352

# Б А Р А Њ Е

Барањето е поднесено од Координативното тело на протестите [redacted]

Почитувани, Врз основа на законот за Слободен Пристап до информации од јавен карактер, односно член 4 од истиот закон, во писмена форма Ви се обраќаме се со цел да ни ги обезбедите или доставите во печатена форма или ПДФ формат:

- сите материјали изготвени од одделот за животна средина на општината,кои биле доставувани на разгледување до советотна општината во периодот од 2017 - 2025 година, а се однесуваат на проектот ,,Формирање на регионална депонија " во атарот на село Мегленци општина Новаци.

Ве молиме да излезете во пресрет на ова Барање. Во спротивно, ќе бидиме принудени по судски пат да пристапите кон реализација на Барањето, а воедно и продолжуваме со организирање на народот на ОТПОР !!!

Координатор,

[redacted]

дата : 16.07.2025година
Битола

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за правно нормативни дејности

Бр.11-132/2
17.07.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-132/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

Примил:
17.07.2025

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено:
Ор.Един: 18. 07. 2025 Прилог Вредност

ОПШТИНА БИТОЛА
Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за правно - нормативни работи

Бр.10-сл./1
18.07.2025 год.
Б и т о л а

До

- Лице за посредување при остварување на слободен пристап
до информации од јавен карактер-
-Емилија Илиевска-

ПРЕДМЕТ: **Одговор на Барање,**
**Врска: Ваш бр.11-132/2 од 17.07.2025 година**

Почитувани,

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено, под Бр.11-132/1 од 16.07.2025год., од [redacted] за достава на документација во врска со сите материјали изготвени од ооделот за животна средина на општината, кои биле доставувани на разгледување до Советот на Општина Битола во периодот од 2017-2025 година, а се однесуваат на прокетот „Формирање на регионална депонија“ во атарот на село Мегленци, Општина Новаци.

Во прилог Ви ги доставуваме следните документи објавени во Сл.Гласник на Општина Битола:

- Одлука за давање согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Пелагонискиот регион од страна на Владата на Република Македонија, донесена на Совет на Општина Битола, Бр.09-24/3 од 13.03.2018год., објавена во Сл.Гласник на Општина Битола Бр.03/2018.
- Одлука за утврдување на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините: Новаци, Прилеп, Битола, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, вевчани, Дебарца и Македонски Брод., Бр.09-20/16 од 28.02.2025год., објавена во Сл.Гласник на Општина Битола Бр.02/2025.
- Одлука за формирање на заедничка комисија за основање на заедничко Јавно претпријатие за регионално управување со отпад меѓу општините: Новаци, Прилеп, Битола, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, вевчани, Дебарца и Македонски Брод, Бр.09-20/17 од 28.02.2025год., објавена во Сл.Гласник на Општина Битола Бр.02/2025.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 358 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

- Решение за именување членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка, донесено на Совет на Општина Битола, Бр.09-20/24 од 28.02.2025год., објавена во Сл.Гласник на Општина Битола Бр.02/2025.
- Заклучокот со кој Советот на Општина Битола бара од Владата на РСМ измена на локацијата за Регионална депонија, донесена на Совет на Општина Битола, Бр.09-28/17 од 12.03.2025год., објавена во Сл.Гласник на Општина Битола бр.03/2025.
- Решение за дополнување на Решението Бр.09-20/24 од 28.02.2025год., за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка со тројца членови во иницијативниот одбор против депонија во Пелагонија, Бр.09-63/62 од 12.05.2025год., објавена во Сл.Гласник на Општина Битола бр.6/2025.

Со почит,

Раководител
Благица Василевска

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

Број 3, година XLIX
Петок, 16.03.2018
Битола

e-mail:bitola@t-home.mk


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), донесувам

### ЗАКЛУЧОК
### за објавување на Одлуката за давање согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Пелагонискиот регион од страна на Владата на Република Македонија

1. Ја објавувам Одлуката за давање согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Пелагонискиот регион од страна на Владата на Република Македонија, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 13.03.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-246/1
16.03.2018 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М." бр. 05/02), член 80 став (12) од Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04...63/16) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 13.03.2018 година, донесе

### О Д Л У К А
### за давање согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Пелагонискиот регион од страна на Владата на Република Македонија

**Член 1**

Со цел заштита на животната средина и здравјето на луѓето, а заради решавање на постоечкиот проблем за управување со отпадот на територијата на Општина Битола, Советот на Општината дава согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Пелагонискиот регион од страна на Владата на Република Македонија согласно член 80 став 12 од Законот за управување со отпад.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола".

**О б р а з л о ж е н и е**

Советот на Општината Битола на својата седница одржана на ден 13.03.2018 година, донесе Одлука за давање на согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Пелагонискиот плански регион.

Тргнувајќи од проблемите со кои се соочува општината во однос на управување

со отпадот, а со цел заштита на животната средина и здравјето на луѓето, Советот на општина Битола донесе одлука како во диспозитивот.

Главни причини поради кои се пристапи кон донесување на ваквата одлука се проблемите со кои се сочува општината во управувањето со отпадот и неможноста за исполнување на обврските кои произлегуваат од Законот за управување со отпад. Имено, општината проценувајќи ја својата финансиска состојба, како и потребните финансиски средства за расчистување на непрописните депонии, како и обврската за собирање и отстранување на отпадот согласно стандардите за животна средина, односно во стандардизирана депонија, увиде дека нема можност за решавање на проблемите.

Заради заштита на животната средина и здравјето на луѓето, како и состојбата со отпадот во Општина Битола неопходно е итно преземање на активности со цел собирање, транспортирање, селекција и отстранување на отпадот. Воедно, согласно Националниот план за управување со отпад на Република Македонија и Регионалниот план за управување со отпад за Пелагонискиот регион, потребно е да се воспостави регионален систем за управуање со отпад преку основање на регионална депонија и соодветната инфраструктура. Во Физибилити студијата за управување со отпад за Пелагонискиот регион е утврдено дека вкупните инвестиции за основање на регионалниот систем за управување со отпад изнесува 39.786.483,оо евра, при што минималните финансии што треба да ги обезбеди општина Битола изнесуваат 4.420.720,оо евра, средства со кои Општина Битола не располага. Дополнително, согласно со Стратегијата за управување со отпад на Република Македонија, потребно е воспоставување на регионална соработка за основањето на депонијата, без кое управувањето со отпадот не може да биде одржливо ниту достапно за населението. Во овој момент не постои можност сите општини од Пелагонискиот регион да ја обезбедат потребната финансиска помош со што не може да се основа депонијата со потребната инфраструктура доколку не се обезбеди финансирање од Владата.

Врз основа на претходно изнесеното, Советот на општина Битола донесе одлука со која основањето на регионалната депонија со потребната инфраструткура го доверува на Владата на Република Македонија, како најдобар начин за брзо решавање на проблемите со управувањето со отпадот, а кој ќе биде со најмали трошоци и со цена која ќе биде достапна за населението во Пелагонискиот регион.

Бр.09-24/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.03.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал од 2017 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал од 2017 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 13.03.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-246/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.03.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 32 точка 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( „Службен весник на РМ" бр. 61/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15 ) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 13.03.2018 година донесе

Се објавува Одлука за утврдување на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините: Новаци, Прилеп, Битола, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 28.02.2025 година.

Бр. 08-268/14
05.03.2025 год.
Битола

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл.весник на РМ“ бр.79/2009), член 36 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024) и член 22 став 1 точка 47 и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/15, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 28.02.2025 година, донесе

## ОДЛУКА
## за утврдување на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините: Новаци, Прилеп, Битола, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод

**Член 1**

Со оваа Одлука, се утврдува Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините: Новаци, Прилеп, Битола, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод, за основање на заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад.

**Член 2**

Меѓуопштинската соработка како облик на соработка, ќе се остварува преку основање на заеднички јавни служби: заедничко јавно претпријатие.

**Член 3**

Утврдениот предлог од член 1 се доставува до општините: Новаци, Прилеп, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод, за усвојување/прифаќање.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-20/16
28.02.2025 г.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Одлука за формирање на заедничка комисија за основање на заедничко Јавно претпријатие за регионално управување со отпад меѓу општините: Новаци, Прилеп, Битола, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод

Се објавува Одлука за формирање на заедничка комисија за основање на заедничко Јавно претпријатие за регионално управување со отпад меѓу општините: Новаци, Прилеп, Битола, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 28.02.2025 година.

Бр. 08-268/15
05.03.2025 год.
Битола

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл.весник на РМ“бр.79/2009), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024) и член 22 став 1 точка 47 и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/15, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 28.02.2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## за формирање на заедничка комисија за основање на заедничко Јавно претпријатие за регионално управување со отпад меѓу општините: Новаци, Прилеп, Битола, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод

**Член 1**

Со оваа Одлука, се формира заедничка комисија за основање на заедничко Јавно претпријатие за регионално управување со отпад меѓу општините: Новаци, Прилеп, Битола, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод.

**Член 2**

Заедничката Комисија на МОС:

- ќе изготви предлог – акт за воспоставување на МОС;
- ќе ги изготви предлог – актите за основање или формирање на облик преку кој ќе се остварува МОС, односно основање на заедничко јавно претпријатие.

**Член 3**

Заедничката комисија е составена од 18 членови со нивни заменици, односно по 1 (еден) член и по 1 (еден) заменик член од секој од општините кои воспоставуваат меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Комисијата од член 1 на оваа одлука ги подготвува предлог – актите врз основа на претходно направена анализа.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-20/17 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.02.2025 г. на Советот на Општината
Битола Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за возни линии, возен ред и вредност на билет за линиски превоз на патници (МЈП ПЕЛАЛИНК Битола)

Се објавува Решението за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за возни линии, возен ред и вредност на билет за линиски превоз на патници (МЈП ПЕЛАЛИНК Битола), донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 28.02.2025 година.

Бр. 08-268/16 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.03.2025 год. на Општината Битола,
Битола Тони Коњановски

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ„ бр.38/96...35/19 и „Службен Весник на РСМ“бр.274/22), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 28.02.2025 година., донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за именување членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка**

Се објавува Решение за именување членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 28.02.2025 година.

Бр. 08-268/22 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.03.2025 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл.весник на РМ“бр.79/2009), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024) и член 22 став 1 точка 47 и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/15, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 28.02.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка**

1. За членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка и предлог – договорот за остварување на меѓуопштинска соработка меѓу општините: Новаци, Прилеп, Битола, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод, од Општина Битола се изменуваат:
- член: Стефанија Боцевска, советник во Одделението за имот и имотно правни работи
- заменик член: Андреј Гулабовски, помлад соработник во Одделението за нормативно правни работи

2.мандатот на членовите на Комисијата е до завршување на работите за кои е формирана комисијата.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-20/24 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.02.2025 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за разрешување и именување на член на Партиципативното тело за Урбанистичко планирање на Општина Битола**

Се објавува Решението за разрешување и именување на член на Партиципативното тело за Урбанистичко планирање на Општина Битола, донесено на седницата на Советот на општината Битола одржана на ден 28.02.2025 година.

Бр. 08-268/23 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.03.2025 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 46 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.32/2020) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 28.02.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на член на Партиципативното тело за Урбанистичко планирање на Општина Битола**

Општина Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 12.03.2025 година.

Бр.08-294/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
14.03.2025 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.05/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола"бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 12.03.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за именување членови во Локалниот совет за волонтерство на Општина Битола**

1.Во Локалниот совет за волонтерство СЕ ИМЕНУВААТ:

-Златко Талевски од Битола, ул.„Смилевски Конгрес"бр.10/2-5, дипл.економист/магистер по политички науки (МКЦ)
-Мартин Мојановски од Битола, ул.„31"бр.10, дипл.инжинер по информатички науки (СФЕРА)
- Александар Јаневски од Битола, ул.„Буковски Мост"бр.62, дипл.инжинер по електротехника (Здружение на Македонците од Егејскиот дел на Македонија - Битола)
-Наташа Дарков од Битола, ул.„Стрејо Ѓорѓиев"бр.41А, дипл.машински инжинер/магистер по индустриски менаџмент (Македонска асоцијација ИМКА - Битола)
- Филип Етмишовски од Битола, ул.„Енице Вардар"бр.13, дипл.правник (Здружение за култура и уметност „Бабец Театар")
- Жарко Нацевски од Битола, ул.„Христо Ботев"бр.30, ССС/апсолвент на Технички факултет (Здружение за култура, туризам и економски развој ЕКСПЛИЦИТ - Битола)
- Стефан Котевски од Битола, ул. „Пеце матичевски" бр.93, дипл.информатичар (Креативен Центар за млади - Битола)
- Ивана Атанасовска од Битола, ул.„Паца Ванчова"бр.29, ССС/студент на правен факултет (Мрежа за младинско зајакнување и здравје - Битола)
-Наталија Стојковска од Битола, ул.„Кленовец"бр.125, дипл.економист (Општина Битола)

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола".

Бр.09-28/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.03.2025 год. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок со кој Советот на Општина Битола бара од Владата на РСМ измена на локацијата за Регионалната депонија**

Се објавува Заклучок со кој Советот на Општина Битола бара од Владата на РСМ измена на локацијата за Регионалната депонија, донесен на седницата на Советот на Општина Битола одржана на ден 12.03.2025 година.

Бр.08-294/15 ГРАДОНАЧАЛНИК
14.03.2025 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 22 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен Гласник на Општина Битола" бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 12.03.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**со кој Советот на Општина Битола бара од Владата на РСМ измена на локацијата за Регионалната депонија**

1. Советот на Општина Битола донесе Заклучок со кој Советот на Општина Битола бара од Владата на РСМ измена на локацијата за Регионалната депонија.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-28/17
12.03.2025год
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола"бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката со која се предлага на Градоначалникот на Општина Битола да го прекине Огласот бр.01/2025 за прибирање на понуди за издавање за поставување на урбана опрема**

Се објавува Одлуката со која се предлага на Градоначалникот на Општина Битола да го прекине Огласот бр.01/2025 за прибирање на понуди за издавање за поставување на урбана опрема, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 12.03.2025 година.

Бр.08-294/16
14.03.2025 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола
Тони Коњановски

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 12.03.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**со која се предлага на Градоначалникот на Општина Битола да го прекине Огласот бр.01/2025 за прибирање на понуди за издавање за поставување на урбана опрема**

**Член 1**

Се донесува Одлука со која се предлага на Градоначалникот на Општина Битола да го прекине Огласот бр.01/2025 за прибирање на понуди за издавање за поставување на урбана опрема.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-28/18
12.03.2025 год.
Б и т о ла

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола"бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Информација до каде е исплатата на средства за земјотресот од 2022 година**

Се објавува Информација до каде е исплатата на средства за земјотресот од 2022 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 12.03.2025 година.

Бр.08-294/17
14.03.2025 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 22 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на

Бр.08-558/60
15.05.2025 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл.весник на РМ"бр.79/2009), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024) и член 22 став 1 точка 47 и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола" бр.10/15, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 12.05.2025 година, донесе·

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за дополнување на Решението Бр.09-20/24 од 28.02.2025год., за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка со тројца членови од иницијативниот одбор против депонија во Пелагонија**

1.Се врши дополнување на Решението Бр.09-20/24 од 28.02.2025год., за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка со тројца членови од иницијативниот одбор против депонија во Пелагонија:

1. Зоран Паљо Лазаровски од Битола, ул.„Широк Сокак"бр.57
2. Весна Кочанковска од Битола, ул.„Козара"бр.22А и
3. Никола Танчевски од Битола, ул.„Јанко Палигора"бр.1/3

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр 09-63/62
12.05.2025 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства во висина од 1.000.000,00 денари, награда на РК „Еурофарм Пелистер" за младинските категории**

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства во висина од 1.000.000,00 денари, награда на РК „Еурофарм Пелистер" за младинските категодии, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 12.05.2025 година.

Бр.08-558/61
15.05.2025 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 12.05.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**доделување на финансиски средства во висина од 1.000.000,00 денари, награда на РК „Еурофарм Пелистер" за младинските категодии**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделуваат финансиски средства во висина од 1.000.000 (еден милион) денари на РК „Еурофарм Пелистер" за младинските категодии.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола.

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-132/4
18.07.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од [redacted] , поднесено на **16.07.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-132/2025** од **16.07.2025 година**, каде бара информација за матријали изготвени од одделот на животната средина на општината во период 2017-2025 година, за проектот Формирање на регионална депонија во атарот на село Мегленци општина Новаци.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број **бр.11-132/2025** од **16.07.2025 година**. Во барањето наведе дека бара бара информација за матријали изготвени од одделот на животната средина на општината во период 2017-2025 година,за проектот Формирање на регионална депонија во атарот на село Мегленци општина Новаци.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-132/1 од 16.07.2025.
2.Допис до одделение за правно нормативни дејности со бр.11-132/2 од 17.07.2025.
3.Одговор од одделение правно нормативни дејности со бр.11-132/3 од 18.07.2025.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 18.07.2025 година, под бр. 11-132/4.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Марија Атанасовска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА •